МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНАПРОГРАМА

ТЕХНОЛОГИЈА НА ТКАЕЊЕ

-ИЗБОРНА-

IV ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

Текстилен техничар

Скопје, 2008 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕХНОЛОГИЈА НА ТКАЕЊЕ

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: текстилен техничар
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил
1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1.Четврта

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Изборен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***технологија на ткаење- изборен*** предмет ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги разликува видовите преплетки на ткаенини (сложени и жакар);
- да го објаснува процесот на создавање на преплетките;
- да црта комплетни ткајачки шеми на сложени преплетки;
- да ги одредува параметрите за проектирање на ткаенините;
- да го толкува декомпонирањето на ткаенина;
- да ги опишува карактеристичните параметри на жакар ткаенини;
- да ги познава условите за работа во погоните за ткаење;
- да работи во тим.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на содржините од наставната програма и за постигнување на зацртаните цели по предметот ***технологија на ткаење -изборна настава*** потребно е ученикот да поседува претходни знаења од наставните предмети технологија на кожа и текстил од И година и технологија на ткаење од ИИИ година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ПРЕПЛЕТУВАЊЕ НА ТКАЕНИНИ	**12**	***Ученикот***: - да чита ткајачка шема; - да дефинира поим преплетка на ткаенина; - да ги разликува видовите сложени преплетки; - да црта комплетни ткајачки шеми на сложени преплетки.	- ***Демонстрирање*** видови ткајачки хартии; - ***скицирање*** надолжен и напречен пресек за одредена жица; - ***следење*** на работата на учениците.	Технологија на ткаење (задолжителен)
2.ЖАКАРСКИ ПРЕПЛЕТКИ НА ТКАЕНИНА	**20**	- Да ја објаснува функцијата на иглите и платините на жакар машина; - да ги разликува видовите галирање; - да ги разликува еднослојните жакарски ткаенини; - да црта мотив, пресек и таблица на сложени жакарски преплетки (дублови,двојни,плиши фротир ткаенина);	- ***Демонстрирање*** примероци на ткаенини; - ***цртање на:*** мотив, пресек и таблица на жакарски преплетки; - ***скицирање*** на надолжен и напречен пресек за произволно избрана жица; - **следење** на работата на учениците.	

		- да скицира надолжен и напречен пресек за произволно избрана жица.		
3. ОДРЕДУВАЊЕ ПАРАМЕТРИ НА ТКАЕНИНИ	**14**	- Да ги одредува основните параметри на ткаенината (должина, ширина и густина на основа, правец на основа и јаток); - да ја одредува масата на предиво (основа и јаток); - да ја одредува масата на ткаенина.	***Демонстрирање на:*** - примероци од ткаенини; ***презентирање на:*** - одредувањето основни параметри на ткаенините. ***Решавање*** примери со одредување маса на предиво и ткаенина.	
4. ДЕКОМПОНИРАЊЕ НА ТКАЕНИНИ	**20**	- Да го толкува декомпонирањето на примероци од ткаенина; - да прави анализа на примероци од жакар ткаенини; - да ги опишува карактеристичните параметри на жакар ткаенини; - да ја согледува важноста на декомпонирањето и компонирањето на ткаенина.	- ***Демонстрирање*** на примероци ткаенини добиени со нитно и жакар ткаење; - ***презентирање*** на примероци од жакар ткаенини.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите по наставната програма ***технологија на ткаење - изборен предмет*** наставникот применува современи интерактивни методи (стратегии) во зависност од целите на тематската целина, односно наставната содржина. Овие методи (стратегии) се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, опишува, споредува, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, цртање на шеми, истражување, набљудување, споредување, изработување домашни и проектни задачи, читање и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно образовната работа по наставната програма ***технологија на ткаење - изборен предмет*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана или кабинет-училница, опремена со наставни средства и помагала. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување, посета на погони за плетење на трговски друштва од текстилната дејност.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставната програма ***технологија на ткаење - изборен предмет*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутер, визуелни уреди, ЦД и ДВД со содржини од технологијата на плетењето, мостри од разни видови плетенини, шеми, слики, каталози и други наставни средства предвидени според нормативот за наставни средства и помагала по технологија на плетење за образовниот профил текстилен техничар.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година, усно и писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на секоја тематска целина. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***технологија на ткаење-изборен*** , треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставната програма ***технологија на ткаење-изборен предмет*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

технологија- текстилна насока;

исо здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард за простор

Наставата по наставниот предмет ***технологија на ткаење-изборен предмет*** се реализира во специјализирана училница, односно кабинет-училница, опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил текстилен техничар од текстилно-кожарската струка.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: март 20008 година

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпческа, раководител, советник во Центарот за стручно образование и обука - Скопје
2.Танка Трајчева, наставник, СОУ ,,Димитар Мирасчиев”- Штип
3. Јакуп Алити, наставник, СОТУ ,,Ѓоце Стојчески”- Тетово
4. Раде Стојанов, дипломиран текстилен инженер, управител, ДОО ,,Пајонија”- Штип

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01. 09. 2008 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***технологија на ткаење-изборен предмет*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр: 07 - 4340/1 од 03.06. 2008 година.